MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-2173/4
год.
21-06-2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 18-та седница одржана на ден 03.06.2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за надлежно постапување во предметот со број 12-2173/1 од 04.04.2019 година, по предметниот случај постапува друг надлежен орган.

Предметот со број 12-2173/1 од 04.04.2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на ДКСК.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2173/1 од 04.04.2019 година, е оформен врз основа на добиено известување од познат подносител – физичко лице.

Добиената пријава содржи наводи за незадоволство од водењето на судски предмет по поднесена тужба за управен спор против решение за одземање на овластување за овластен геодет донесено од страна на Агенција за катастар на недвижности во 2016 година, за кој била доставена и тужба против пресудата на Виш Управен Суд, а по кој постапката била се уште во тек.

На седницата, по разгледување на сите наводи на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во предметниот случај станува збор за случај по кој веќе постапува друг надлежен орган односно, за кој била заведена судска постапка која се уште е во тек, по што оцени дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за свое надлежно постапување во предметниот случај.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk